Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-261/2
29. 12. 2021 г.
ВЕЛЕС

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Врз основа на член 28 став 1 алинеа 5 и алинеа 13 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" број 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15, 64/18 и 24/21 ), член 7 став 1 алинеа 5 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Вардарски планаски регион, член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 46/2016) и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите бр. 02-261/1 од 29.12.2021, в.д. Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион, на ден 29.12.2021 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Центарот за развој на Вардарски плански регион**

1. **Душуца Габерова,** вработена во Центарот за развој на Вардарски плански регион на работно место Советник во одделение за општи и административни работи, финансии и јавни набавки, се назначува за овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени директно до него заради заштитено внатрешно пријавување во Центарот за развој на Вардарски плански регион.
2. **Михајло Вчков,** вработен во Центарот за развој на Вардарски плански регион на работно место Виш соработник во одделение за општи и административни работи, финансии и јавни набавки
   **Овластеното лица од точка 1 на ова Решение може да се контактира на адреса ул. Шефки Сали бр. 4, 1400 Велес, телефон 075309976 и емаил: ukazuvaci@vardarregion.gov.mk .**
   **Овластеното лица од точка 2 на ова Решение може да се контактира на адреса ул. Шефки Сали бр. 4, 1400 Велес, телефон 071213102 и емаил: ukazuvaci@vardarregion.gov.mk .**

3. Овластените лица при постапување со пријавите доставени заради заштитено внатрешно пријавување ќе се раководат од Законот за заштита на укажувачи Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоци од пријавите и обезбедување на заштитата на личните и други податоци на укажувачите.

4. За извршување на задачата – овластените лица за прием на пријави од укажувачи досатавени заради заштитено внатрешно пријавување, Раководи лице на Центарот за развој на Вардарски плански регион, ќе им обезбеди потребни услови, простор и

опрема за работа согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување на институциите од јавниот сектор.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб страната на Центарот за развој на Вардарски плански регион.

Образложение

Согласно член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно Пријавување во институциите од јавниот сектор и член 3 став 1 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:**
Против ова Решение може да се изјави приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Директорот на Центарот за развој на Вардарски плански регион.

**Доставено до:**
- **Работникот;**
- **Досие;**
- **Архива на Центарот.**

Центар за развој на Вардарски планаски регион
в.д. Директор
Татјана Темелковска

Работник: Вучков Михајло
Примил на ден 29.12 2021 година
Потпис:

Работник: Душица Габерова
Примил на ден 29.12 2021 година
Потпис: